РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-192/3

07-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 100-та седница одржана на ден 06.02.2024 година ја донесе следнава

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2939/1 од 15.06.2023 година, со наводи за сомневање за неправилности при финансиско работење на службено лице, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во случајот од причина што постапил и преземал мерки надлежен орган.

Предметот со број 12-2939/1 од 15.06.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 15.06.2023 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за неправилности при финансиско работење на службено лице и оформен е предмет број 12-2939/1 од 15.06.2023 година.

Во пријавата подносителот укажува на сомневање за неправилности од страна на директорката ---------------------------------- во финасиското работење на ЈЗУ -------------------------- ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------.

Имено, во пријавата се наведува дека се ислаќаат плати по различни коефициенти во секој месец кои не кореспондираат со колективниот договор за здравство, се прават исплати по други основи половично, се потпишуваат анекси на договори за специјализанти со содржина и сума кои не се предвидени со колективен договор, како и неправилности при исплаќањето на наградите за време на пандемијата.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија побара од Министерството за здравство согласно законските надлежности да изврши надзор над законитоста на работата на службеното лице во однос на наводите од пријавата и да ја извести Државната комисија за констатираната состојба и преземените мерки.

Од страна на Министерството за здравство е добиено известување дека министерот за здравство формирал комисија за вршење на надзор над законитоста на работата на ЈЗУ ---------- -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

-----------------------------, која по извршениот надзор изготвила извештај доставен во прилог на одговорот. Видно од извештајот, комисијата извршила увид во однос на следново:

- Исплата на плати на вработените во болницата, при што е направен стручен надзор во делот на исплата на плати за 2022 и 2023 година и е презентирано констатираното во однос на исплата на плати на вработените, додатоци на плата, како и евиденција за присуство и отсуство од работа;

- Потпишување на договори и анекси договори за специјализанти со содржина и сума кои не се предвидени со Колективниот договор, при што извршен е увид во договорите и анекс договорите за сите специјализанти и

- Неправилности при исплата на награди за време на пандемијата, што е извршено врз основа на претходно барање од Министерството за здравство, известувања од страна на Фондот за здравствено осигурување и одлуки на Управниот одбор.

Врз основа на утврдената фактичка состојба во извештајот од стручен надзор, ДКСК констатира дека комисијата која го извршила истиот не констатирала неправилности по горенаведените основи, по што ДКСК оцени дека во случајот постапил и преземал мерки надлежен орган поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**